# БИОГРАФИЈА

на рецензентот проф. д-р Вера СТОЈЧЕВСКА АНТИЌ за проектот „Речник на интернационализмите во делото на К. Мисирков „За македонцките работи““ од д-р Димка МИТЕВА

Проф. д-р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА АНТИЌ, рецензент на проектот „Речник на интернационализмите во делото на К. Мисирков „За македонцките работи““ – е родена на 10 август 1939 година во Битола. Во родното место завршува основно и средно образование, а во 1963 година дипломирала на Филозофскиот факултет во Скопје на Катедрата за историја на книжевностите на народите на СФРЈ. Во 1968 година била избрана на истиот факултет како асистент каде што го добива и највисокото звање редовен професор. Во 1974 година докторирала на тема од областа на средновековната македонска книжевност „Тиквешки зборник од 15 век“ на истата Катедра.

Автор е на голем број научни и стручни трудови (над 850 од кои 75 се посебни изданија). Учествувала на разни конгреси, конференции, симпозиуми во Земјата и надвор од неа. Била и уредник на разни списанија во Земјата.

За нејзината дејност зборуваат многубројните награди и призанија: „13 ноември“, „Климент Охридски“, „Гоце Делчев“, „11 октомври“ итн.